ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ




# Прирачник за сите инволвирани лица во Фонд за иновации и технолошки развој за Системот за борба против корупција по

# ISO 37001:2017

| | Име и презиме | Работно место | Потпис |
|---|---|---|---|
| Изработил: | Кристина Кучера | Претставник на раководството за спречување корупција | |
| Одобрил: | Костадин Петров | В.Д.Директор | |

# Содржина:

2. Кој е опфатен со политиката на Фондот? ....... 3
3. Што е мито? ....... 4
4. Подароци и гостопримство ....... 5
5. Неприфатливи активности ....... 6
6. Плаќања за олеснување и придобивки ....... 6
7. Донации и спонзорства ....... 7
8. Одговорности на вработените и поврзаните лица ....... 7
9. Водење евиденција ....... 7
10. Како да пријавите загриженост ....... 7
11. Што да направите ако сте жртва на мито или корупција ....... 8
12. Заштита ....... 8
13. Обука и комуникација ....... 8
14. Одговорност за Политиката за спречување корупција ....... 8
15. Следење и преглед ....... 9
Анекс - Потенцијални сценарија за ризик: „црвени знамиња“ ....... 9

# 1. Вовед

1.1 Целта на овој прирачник, кој е дел од системот за борба против корупција на Фонд за иновации и технолошки развој, е:

а. да ги утврди одговорностите на вработените и/или ангажираните лица во Фондот и други лица поврзани со Фондот, во спроведување на активности поврзани со спречување на мито и корупција, применувајќи ги Принципите за спречување на мито и корупција дефинирани во **Политиката** на Фондот; и

б. да обезбеди информации и упатства за вработените, ангажираните лица и поврзаните лица со Фондот, а со цел препознавање и справување со проблемите поврзани со мито и корупција.

Политиката на Фондот подразбира усогласеност со одредбите на овој Прирачник. Секое прекршување и непочитување на овој Прирачник ќе се смета за кршење на Политиката на Фондот.

1.2 Поткупот и корупцијата се казниви согласно законска рамка, како за лицата така и за Фондот. Доколку се открие учество во корупција, лицата и Фондот може да се соочат со законските казни предвидени за таквите дејствија. И од таа причина, потребен е сериозен пристап кон почитување на процедурите и политиката.

1.3 По спроведена проценка на ризик од страна на Фондот идентификувани се посебни ризици за деловните активности на Фондот, а кои би се поврзале со мито и корупција. Следствено на наведеното, а со цел ублажување на ризиците, Фондот разви низа чекори кои се предвидени во процедурите за работа како и во Процедурата за управување со ризици. Овие чекори, меѓудругото вклучуваат комуникација и обука за политиката на Фондот и овој Прирачник, како и периодично проверување на нови и постојни деловни контакти.

1.4 Во овој прирачник, ***трето лице*** значи секое физичко или правно лице, со кое вработените, ангажираните лица или Фондот може да дојде во контакт за време на работата, кое вклучува: апликанти, корисници на средства на Фондот, добавувачи, дистрибутери, деловни контакти, советници и други владини и јавни тела, вклучително и нивни советници, претставници и службени лица, политичари и политички партии.

# 2. Кој е опфатен со политиката на Фондот?

2.1 Политиката на Фондот се однесува на следните лица:

а. органите на Фондот, вработени и ангажирани лица во Фондот, советници, службеници, консултанти, изведувачи, практиканти, волонтери, ангажирани стручни лица и членови на комисии и одбори; и

б. трети лица поврзани со Фондот, кои обезбедуваат услуги на Фондот (или на друг начин спаѓаат во дефиницијата за „поврзано лице“ согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси) и нивните вработени (заедно „поврзани лица“).

## 3. Што е мито?

*Согласно дефинициите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси – Сл.В. 12/2019*
*(1) Под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.*
*(2) Поимот корупција, во смисла на овој закон, ги опфаќа и поимите на:*
*- **пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и*
*- **активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите об-врски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.*
*(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.*

3.1 Мито е поттик или награда понудена, ветена или обезбедена да се добие каква било комерцијална, договорна, регулаторна или лична предност.

**Примери:**

**Нудење мито**
Обезбедување на спонзорства или повластени услови за финансирање на проекти, доколку поради истото тие се согласат да влијаат и/или донесат било каква одлука од бенефит за Фондот.
Ова би било прекршок бидејќи спонзорството е понудено за обезбедување на одредена предност или деловна придобивка за Фондот.

**Примање мито**
Корисник на средства на Фондот обезбедува работно место на ваше блиско лице и за возврат очекува да влијаете врз процесот на доделување на финансиски средства.
Во таков случај, доколку ја прифатите понудата прекршок прави и корисникот што ја дал таквата понуда и вие бидејќи ќе се стекнете со лична корист.

# 4. Подароци и гостопримство

4.1 Политиката на Фондот не забранува нормално и соодветно гостопримство (дадено и примено) на или од трети лица. Под нормално и соодветно гостопримство се подразбираат репрезентативни подароци не повисоки од 50 евра во денарска противвредност како и ресторански услуги не повисоки од 50% од дефинираната вредност на дневница.

4.2 Давањето (или приемот) на подароци не е забрането, доколку:

а. не е направено со намера да се влијае врз трета страна да добие или задржи деловна активност или предност, или во размена за услуги или придобивки;

б. е во согласност со применливата законска регулатива во земјата;

в. даден е на име на Фондот, а не на име на лицата опфатени со политиката на Фондот;

г. не вклучува пари или еквивалент на готовина (како што се вредносни ваучери);

д. е размена на соодветен рекламен материјал кој не е во вредност повисока од 50 евра во денарска противредност;

ѓ. земајќи ја предвид причината за подарокот, тој е од соодветен вид и вредност и е даден во соодветно време (на пример за новогодишни празници, годишнина од постоење, државен празник);

е. се дава отворено, а не тајно; и

ж. подароци не треба да им се нудат, или прифаќаат, од државни службеници или претставници, или политичари и политички партии, без претходно запознавање на Директорот за истото или одговорното лице за спречување на корупција.

4.3 Практиката на давање деловни подароци се разликува и тоа што може да биде нормално и прифатливо во еден регион, може да не е во друг. Правниот основ е дефиниран во член 58 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. За Фондот, согласно Процедурата за готовинско работење и постојната регулативата, прифатлива вреднос на подарок е до 50 евра во денарска противвредност. Тестот за прифатливост подразбира дали во одредени околности подарокот или гостопримството е разумно и оправдано. Секогаш треба да се земе предвид намерата зад подарокот.

4.4 Примените подароци или гостопримство се пријавува кај Директорот и/или одговорното лице за спречување на корупција. Доколку подарокот е во износ

повисок од 50 евра, истиот се проследува во Сектор за финансии за евидентирање како сопственост на Фондот.

## 5. Неприфатливи активности

5.1 Неприфатливи активности од лицата опфатени со политиката на Фондот:

а. да даде, вети дека ќе даде или понуди, исплата, подарок или гостопримство со очекување или надеж дека ќе се добие деловна предност или услуга или ќе се награди деловната предност односно услугата веќе дадена;

б. да даде, вети дека ќе даде или понуди исплата, подарок или гостопримство на државен службеник или претставник на институција, со цел „олеснување" или забрзување на постапка;

в. да прифати плаќање од трето лице за кое знае или се сомнева дека е понудено со очекување дека ќе добие деловна предност од страна на Фондот;

г. да прифати подарок или гостопримство од трето лице ако знае или се сомнева дека е понудено со очекување за возврат да се обезбеди деловна предност од страна на Фондот;

д. да се заканува или одмаздува на друг вработен или ангажирано лице кое одбило да изврши поткуп или кој покренал загриженост според оваа политика за сомнеж за корупција; или

ѓ. активност која вклучува било какво дејство што може да доведе до непочитување на оваа политика.

## 6. Плаќања за олеснување и придобивки

6.1 Фондот не дава и не прифаќа мито од каков било вид. Мито може да биде дадено или примено за олеснување на одредени постапки или за стекнување на неосновани придобивки.

- Плаќањата за олеснување на постапки се типично мали, неофицијални плаќања направени за да се обезбеди или забрза одредена активност на Фондот и/или постапка од страна на вработен во Фондот.

- Плаќањата за придобивки се плаќања направени за возврат на деловна корист или обезбедување на деловна предност.

Сите вработени и поврзани лица треба да избегнуваат било какви активности што може да доведат до плаќање за олеснување или придобивки и/или активности кои поттикнуваат плаќање за олеснување или придобивки.

## 7. Донации и спонзорства

7.1 Фондот дава донации или спонзорства за едукативни и научно истражувачки дејности. Секоја донација е претходно одобрена од страна на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, а согласно оваа Политика и применливата законска регулатива.

## 8. Одговорности на вработените и поврзаните лица

8.1 Вработените и поврзаните лица треба да ги прочитаат, разберат и да постапуваат согласно Политиката за спречување корупција на Фондот и овој Прирачник.

8.2 Спречување, откривање и пријавување на мито и други форми на корупција се одговорност на сите оние кои работат во Фондот или се поврзани со Фондот. Сите вработени и поврзани лица треба да избегнуваат каква било активност што може да иницира или да доведе до непочитување на Политиката за спречување корупција.

8.3 Во случај да вработениот верува или се сомнева во било какво дејствие кое може да доведе до непочитување на Политиката за спречување на корупција или тоа може да се случи во иднина, за тоа треба да го извести својот раководител или одговорното лице за спречување на корупција.

„Црвените знамиња“ што можат да укажуваат на мито или корупција се наведени во *Анексот* (прилог на овој прирачник).

8.4 Вработен или поврзано лице кое не ја почитува Политиката или одредбите од овој Прирачник ќе се соочи со дисциплинска постапка, што може да резултира со отказ или кривична постапка. Фондот го задржува правото да го раскине договорниот однос со вработени и поврзани лица доколку истите не ја почитуваат Политиката на Фондот за спречување на корупција.

## 9. Водење евиденција

9.1 Фондот води финансиска евиденција и има внатрешни контроли согласно применливата законска регулатива кои обезбедуваат докази за деловната причина за извршување на плаќања на поврзани лица или други трети страни. Деталите се опишани во Процедурата за исплата по фактури и договори.

9.2 Вработен или поврзано лице има обврска да ги пријави сите побарувања за трошоци во врска со гостопримство, подароци или трошоци од трети страни во согласност со Процедурата за готовинско работење и треба да е конкретно евидентирана причината за трошоците.

## 10. Како да пријавите загриженост

10.1 Секое вработено или поврзано лице е охрабрено да пријави загриженост за било какво прашање или сомневање за несоодветна постапка, во најрана можна фаза. Ако вработениот не е сигурен дали одредено дело претставува мито или

корупција или ако има било какви други прашања, треба да го извести својот раководител или одговорното лице за спречување на корупција.

## 11. Што да направите ако сте жртва на мито или корупција

11.1 Ако ви биде понудено или побарано мито од трето лице, се сомневате дека тоа може да се случи во иднина или верувате дека сте жртва на друга форма на незаконска активност, важно е тоа да го пријавите на вашиот раководител или на одговорното лице за спречување на корупција, што е можно поскоро.

## 12. Заштита

12.1 Целта на Фондот е да ја поттикне отвореноста и во исто време да го поддржи секој што со добра намера ќе изрази загриженост согласно Политиката на Фондот. Оттука, вработените или поврзаните лица кои одбиваат да примат или понудат мито или оние кои пријавуваат загриженост или незаконско постапување од трето лице, треба истото да го пријават без загриженост од можни негативни последици.

12.2 Фондот обезбедува заштита на вработените и поврзаните лица од штетен третман како резултат на одбивање да учествува во мито или корупција, или заради пријавување со добра намера при сомнеж дека се случило вистинско или потенцијално дело на корупција или мито, или пак може да се случи во иднина. Штетен третман вклучува отпуштање, дисциплинска постапка, закани или друг неповолен третман поврзан со пријавување на сомнеж. Ако вработениот верува дека претрпел каков било штетен третман, треба веднаш да го извести одговорното лице за спречување на корупција. Доколку штетниот третман не е поправен, вработениот или поврзаното лице може да поднесете и формална поплака согласно Законот за укажувачи.

## 13. Обука и комуникација

13.1 Обуката за Политиката за спречување на корупција и овој Прирачник е задолжителна како за вработените така и за сите идни вработувања. Сите вработени како дел од редовните обуки во Фондот добиваат релевантна обука за тоа како се спроведува Политиката за спречување на корупција и како да се придржуваат до овој Прирачник.

13.2 Пристапот кон мито и корупција на ФИТР треба да биде соопштен до сите добавувачи, изведувачи, корисници на доделени средства и деловни партнери на почетокот на деловните односи со нив.
При промена на Политиката или Прирачникот, без оглед дали е заради законски измени или од друга причина, вработените и поврзаните лица како и другите засегнати страни ќе бидат известени преку веб-страницата на Фондот.

## 14. Одговорност за Политиката за спречување корупција

14.1 Директорот на Фондот има целосна одговорност да обезбеди усогласеност на Политиката и овој Прирачник со законските и етичките обврски, како и почитување на истите. Управниот одбор како *надлежен орган* врши надзор врз работењето на Фондот при спроведување на активностите за спречување на корупција.

14.2 Примарна одговорност на Одговорното лице за спречување на корупција е спроведување на Политиката и овој Прирачник, следење на нејзината употреба и ефективност. Раководителите на сите нивоа се одговорни да обезбедат дека вработените и ангажираните лица се свесни и ја разбираат Политика и овој Прирачник и им е дадена соодветна и редовна обука за истите.
Прашања поврзани со системот за борба против корупција се поставуваат до Одговорното лице за борба против корупција. Одговор на прашањата во зависност од комплексноста на истите даваат Директор, Раководител, Одговорно лице за спречување корупција или Управниот Одбор.

## 15. Следење и преглед

15.1 Одговорното лице за спречување на корупција е одговорно да ја следи ефективноста и да го прати спроведувањето на Политиката и овој Прирачник, редовно разгледувајќи ја нејзината применливост/соодветност. Во случај да се идентификува потреба од подобрувања во процесот на спроведување на Политиката и овој Прирачник истите ќе се спроведат во најкраток рок. Процедурите дефинирани согласно системот за борба против корупција ќе бидат предмет на редовна ревизија од страна на Одговорното лице за спречување на корупција за да се обезбеди сигурност дека тие се ефикасни во спротивставувањето на митото и корупција.

15.2 Вработените и поврзаните лица се одговорни за почитување и спроведување на овој Прирачник и на Политиката за спречување на корупција и истата треба да ја почитуваат при пријава на каква било сомнителна активност или прекршок.

15.3 Вработените и проврзаните лица може да придонесат во подобрувањето на Политиката на Фондот и нејзиното спроведување, со нивни коментари и предлози. Коментарите, предлозите и прашањата треба да бидат упатени до Одговорното лице за спречување на корупција.
15.4 Политиката за спречување на корупција на ФИТР и овој Прирачник можат да бидат изменети и дополнети во секое време.

## Анекс - Потенцијални сценарија за ризик: „црвени знамиња“

Листата на “црвени знамиња” кои можат да се појават за време на работните задачи на вработените или деловното работење со Фондот, а кои може да

предизвикаат загриженост (согласно применливата регулатива поврзана со мито и корупција), е следна:

- вработениот станува свесен дека вработено или поврзано лице, е вклучено или е обвинето за вклучување во незаконски деловни практики;
- вработениот дознава дека вработено или поврзано лице има репутација за плаќање мито, бара да му се плаќа мито или има репутација за постоење на „посебна врска“ со странски и домашни владини претставници;
- поврзано лице или трето лице инсистира да добие провизија или плаќање на надоместок пред да потпише договор со Фондот;
- поврзано лице или трето лице бара провизија за да „олесни“ услуга; на пример при договарање на донација, односно финансирање од друг извор;
- поврзано лице или трето лице организира раскошна забава или дава подароци пред започнување или продолжување на договорните преговори или обезбедување услуги; на пример при аплицирање на јавните повици од страна на Фондот или при јавна набавка;
- поврзано лице или трето лице бара да се изврши исплата на мито за да се „превидат“ потенцијални правни повреди; на пример при ревизии на проект да не се документираат недостатоци или неоправдани трошоци;
- поврзано лице или трето лице бара да се обезбеди вработување или некоја друга предност на пријател или роднина пред да добие финансиска поддршка од Фондот;
- одговорно лице од Сектор за финансии добива фактура од поврзано лице или трето лице што се чини дека не е согласно применливата регулатива;
- раководител или вработен бара или врши промена на Планот за јавни набавки без оправдана причина;
- одговорно лице од Сектор за финансии забележува дека Фондот е фактуриран за провизија или за плаќање на надоместок што се чини голем со оглед на услугата за која е наведено дека е обезбедена;
- поврзано лице или трето лице бара употреба на агент, посредник, консултант, дистрибутер или снабдувач што обично не се користи од Фондот или не ги следи воспоставените постапки;
- на вработен му се нуди невообичаено дарежлив подарок или му се нуди раскошна гостопримливост од страна на некое поврзано лице или трето лице.

*Листата не е исцрпувачка и истата е за илустративни цели.

Доколку некое од вработените лица се соочат со некое од горенаведените „црвени знамиња“ од листата, треба веднаш да пријави кај неговиот раководител или кај Одговорното лице за спречување на корупција.

Дополнително, како начин на пријавување може да се користи и Формуларот за поднесување на поплаки до Фонд за иновации и технолошки развој, како и до одговорното лице за заштитено внатрешно пријавување (објавени на веб страната на Фондот).